**BASIX** **fact sheet**

MACEDONIAN

# BASIX: Како домовите да бидат одржливи

BASIX е инструмент на Интернет со кој се обезбедува домовите да користат помалку вода, да испуштаат помалку карбон диоксид и да бидат поудобни за живеење.

## ЗА BASIX

Со BASIX се бара сите нови домови во Нов Јужен Велс да користат 40 насто помалку од водата добра за пиење и да испуштаат 40 насто помалку карбон диоксид во однос на просечните домаќинства.

Од 1ви октомври 2006 г., BASIX исто така ќе важи за секое поголемо реновирање за кое ќе треба да се добие дозвола од општината.

Клучни работи за BASIX:

- Мора да ја поднесете вашата градежна молба (development application - DA) или градежната дозвола во согласност со спецификациите (complying development certificate - CDC) заедно со BASIX дозволата;
- За да добиете BASIX дозвола, мора да направите BASIX проценка. Ова значи дека треба да одговорите на повеќе прашања во врска со големината на домот, локацијата, градежните материјали, водоснабдевањето и опремата;
- BASIX ги користи овие податоци за да го процени планот на домот. Можеби ќе треба да измените некои аспекти од планот за да ја поминете BASIX проценката;
- После тоа, можете да ја отпечатите вашата BASIX дозвола - тоа е список на работи кои се обврзувате да ги направите и кои покажуваат како вашиот дом ќе биде изграден според спецификациите на BASIX;
- Овие работи мора да бидат обележани на планот на куќата и вие сте законски обврзани да го изградите домот според описот - ова ќе се проверува при различни фази во градењето;
- Ако се предомислите во врска со било која од овие работи, ќе треба повторно да направите проценка, да отпечатите нова дозвола и да ја поднесете во општината.

**BASIX е инструмент на Интернет - сите потребни информации ќе ги најдете на Интернет страните: www.basix.nsw.gov.au.**

## BASIX важи за нови домови

BASIX инструментот се состои од три дела: вода, струја и задоволителен степен на загревање/ладење.

Во деловите за вода и струја утврдено е одредено намалување на потрошувачката до 40 насто. Утврденото намалување е различно за различни области во Нов Јужен Велс затоа што со BASIX во предвид се земаат работи како што се климата, видот на почва, врнежите и испарувањето, како и видот на градба.

Делот за задоволителен степен на загревање/ладење нуди две можности, да поминете или не, во зависност од тоа дали планот вклучува користење на соодветен степен на изолација, засенчување на прозорците и изведбените карактеристики на стаклото (за случаи на кои тоа се однесува).

За да поминете на сите три дела, можеби ќе треба да направите измени на планот на куќата.

BASIX ве поттикнува да користите различни елементи за одржливост и можете да изберете кои ќе ви одговараат во вашиот план на куќата.

Сите нови домови кои се градат во Нов Јужен Велс сега ќе бидат повеќе одржливи, поудобни за живеење и поевтини за одржување.



## BASIX за измени и доградби

Овој систем ќе биде задолжителен насекаде низ Нов Јужен Велс од 1ви октомври 2006 г. Со него се обезбедува поголемите реновирања на домови да вклучуваат ренатбилни и практични мерки со кои домовите поефикасно ќе користат струја и вода.

Ќе треба да добиете BASIX дозвола за вашиот проект за реновирање ако:

- Вашата општина бара DA или CDC; и
- Ако се процени дека реновирањето ќе чини 100,000 долари или повеќе. (Од 1ви јули 2007 г., оваа вредност ќе се намали на 50,000 долари).

За базени за пливање (или базен со јакузи) со капацитет од повеќе од 40,000 литри исто така ќе треба да се добие BASIX дозвола.

Ако не ви треба BASIX дозвола, вие сепак можете доброволно да користите BASIX. Со ова ќе обезбедите ефикасно да користите струја и вода во делот што го реновирате, а со тоа да заштедувате пари на сметките за струја и вода. Тоа исто така значи дека не ќе мора да ги почитувате тековните општински прописи за ефикасно користење на струја и вода.

Во зависност од проектот за реновирање, со BASIX од вас ќе се бара да ги вклучите следните работи:

- Изолација;
- Прекривање на прозорците со тенок слој и засенчување;
- Осветлување кое ефикасно користи струја;
- Систем за довод на жешка вода на плин, сончева енергија, дрво или пумпа за загревање;
- Славини, висечки тушеви и казанчиња оценети со три ѕвезди.

Барањата според BASIX важат само за деловите од куќата или станот кои се реновираат.

## Кои плански карактеристики и инсталации/вградени елементи се промовираат со BASIX?

- план кој вклучува пасивно користење на сончева енергија, за вашиот дом да биде природно потопол во зима и поладен во лето;
- изолација;
- систем за довод на жешка вода на плин или сончева енергија;
- резервоари за дождовница која ќе можете да ја користите за наводнување на градината, за клозетите и/или во пералната;
- висечки тушеви, славини и казанчиња со двојна функција при пуштање вода, кои штедат вода;
- светло обоен материјал за покривот;
- тавански прозорци за да имате природна светлина;
- земјиштето околу куќата да биде така уредено што тоа ќе бара помалку вода за одржување;
- отпадна вода која ќе може да се користи во градината.

## Клучни работи кои треба да се запамтат

- За најнови информации во врска со хронолошкиот приказ и целите на BASIX, проверете на Интернет страните: www.basix.nsw.gov.au;
- BASIX дозволата важи 3 месеци, пред да го поднесете вашето барање во општината;
- Ако го измените вашиот градежен план, тогаш ќе мора да направите нова BASIX проценка и да отпечатите нова дозвола;
- На Интернет страните на BASIX ќе најдете голем избор на материјали кои ќе можат да ви помогнат, вклучувајќи:
  - список со сите информации кои ќе треба да ги имате пред да направите проценка;
  - интерактивно подучување;
  - информативни листови и примери на вистински случаи;
  - помошни белешки;
- Работите кои се обврзувате дека ќе ги направите при изградбата на вашиот проект (како што е прикажано во BASIX дозволата), мора да бидат означени на плановите; тие ќе ги проверат во општината и во текот на градењето. Било каква недоследност може да заврши со скапи измени;
- Ако BASIX не може да направи проценка на вашиот план, можете да побарате Друга проценка (Alternative Assessment) - за повеќе информации телефонирајте на Информативната линија за BASIX (BASIX Help Line).

